СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Арх.бр. УП1-15 1315/2024

Дата. 08-07-2024

Врз основа на член 42, став (1) и став (9) од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 32/20 и 111/23), а во врска со член 4, став (3) од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Општина Василево се издаваат **Услови за планирање на просторот со намена инфраструктури за пренос на електрична енергија-поставување на 10(20) kV среднонапонски подземен кабелски вод и изградба на трафостаница, на дел од КП 1194 и дел од КП 1195, КО Василево-вон град, Општина Василево.**
Должината на планираната траса за која се издаваат условите изнесува околу 82 m. Трасата се граничи со опфат на издадени Услови за планирање на просторот за Урбанистички план вон населено место Градошорци за стопански комплекс, Општина Василево, со тех.бр.У02606.

**Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.**
**Условите за планирање на просторот треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согладсност со Просторниот план на Република Македонија.**

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот **со тех. бр. У18724** се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот со намена инфраструктури за пренос на електрична енергија-поставување на 10(20) kV среднонапонски подземен кабелски вод и изградба на трафостаница, на дел од КП 1194 и дел од КП 1195, КО Василево-вон град, Општина Василево, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

4. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштита на земјоделското земјиште, а особено стрикното органичување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природна плодност на земјиштето.

5. **Донесувачот или изработувачот кој ја подготвува планската документација е должен да ги прибави сите податоци што произлегуваат од општите и посебните мерки за заштита на животната средина, природата и водите за конкретниот зафат и за соседните подрачја што граничат со планскиот опфат, а што се неопходни за изработување на урбанистичкиот план или урбанистички проект, согласно член 47 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 32/20 и 111/23).**

6. Согласно податоците од Експертниот елабрат за заштита на културното наследство на подрачјето катастарската општина Василево евидентирани е еден недвижен споменик на културата.

7. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор со намена инфраструктури за пренос на електрична енергија-поставување на 10(20) kV среднонапонски подземен кабелски вод и изградба на трафостаница, на дел од КП 1194 и дел од КП 1195, КО Василево-вон град, Општина Василево, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторнион план на Република Македонија.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Општина Василево, врз основа на член 42, став (1) од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Македонија” бр. 32/20 и 111/23), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 61335 од 12.04.2024 година, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот со намена инфраструктури за пренос на електрична енергија-поставување на 10(20) kV среднонапонски подземен кабелски вод и изградба на трафостаница, на дел од КП 1194 и дел од КП 1195, КО Василево-вон град, Општина Василево.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Согласно член 42, став (8) од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот со намена инфраструктури за пренос на електрична енергија-поставување на 10(20) kV среднонапонски подземен кабелски вод и изградба на трафостаница, на дел од КП 1194 и дел од КП 1195, КО Василево-вон град, Општина Василево и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1315/2024 од 01.07.2024 година.

**Условите за планирање на просторот со намена инфраструктури за пренос на електрична енергија-поставување на 10(20) kV среднонапонски подземен кабелски вод и изградба на трафостаница, на дел од КП 1194 и дел од КП 1195, КО Василево-вон град, Општина Василево,** претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение

**ПРАВНА ПОУКА:** Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

Република Северна Македонија Министерство за животна средина и просторно планирање Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Shkup

**МИНИСТЕР**
**Izet Mexhiti**

Изготвил: Исмаил Шехаби

Одобрил: Соња Фурнаџиска

Согласен: Дајана Марковска Ристеска


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk